Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-213/3

19-04-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 213/1 од 09.03.2023 година, за заштита од дискриминација поднесена од [redacted] Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основ на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на Р.С. Македонија" бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-213/1 од 09.03.2023 година, поднесена од [redacted] – Ромалитико Скопје **поради неуредност.**

Образложение

На 09.03.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] Скопје со седиште на [redacted] Скопје, против лицето [redacted] за сторена дискриминација, односно повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација и вознемирување врз основ на припадност на маргинализирана група, етничка припадност, социјално потекло и други видови на уверувања.

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, до подносителот на 17.03.2023 година достави барање за доуредување на претставка. Со барањето подносителот беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на барањето, да ја доуреди претставката, во насока што ќе наведе целосни податоци, односно адреса на физичкото лице против кое се поднесува претставката.

Подносителот не ја доуреди претставката во предвидениот рок од барањето.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
18.04.2023 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
Исмаил Камбери

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk